

# Едукација во УК Cerrahpasa Истанбул  Р.Турција

.

Доктор на едукација
Д-р Гордана Камчева
Специјализант по Радиологија
Вработена во ЈЗУ Општа Болница Кавадарци

Дата на презентација 30-12-2015год.

**Едукацијата се одвиваше во период од**

**26-10-2015 до 20-11-2015год  на одделот за Радиологија при УК по Радиологија Cerrahpasa Истанбул Р.Турција**

**Во првиот дел од мојот едукативен престој присуствував на одделот за белодробна дијагностика каде што освен читање на КТ, MR наоди на бел дроб се изведуваше трансторакална пункција со бипсија на суспектни маси за дијагностичка цел, кај однапред одредени и закажани пациенти. Истите беа правени од страна на специјалисти радиолози со активно учество на моите колеги- специјализанти.**

.

**Трансторакална иглена биопсија се прави под стерилни услови, со претходно дадена локална анестезија и под контрола на КТ. Се воведува иглата за биопсија во суспектната лезија и од самата лезија се аспирира примерок. Се земаат 2-3 примерока за цитолошка анализа. За време на интервенцијата е присатен цитопатолог кој ги превзема веднаш примероците, за натамошен хистопатолошки преглед.**

# COR биопсија на TU промена на ниво на апикален сегмент од долен лобус лево







, MEDIJASTINUM
Layout(Original)
UNIV.HIR.KL
[A]

:43, MEDIJASTINUM
Layout(Original)
UNIV.HI
[A]

**По извршената интервенција се прави контролна графија на белите дробови.**

**Компликации кои може да настанат се**

**Пнеумоторакс, крварење во паренхим, воздушна емболија и супкутан емфизем.**

**Во вториот дел од мојата едукацијата бев на одделот за дијагностика на заболувања на дојка. Присуствував на ултрасонографски прегледи на дојки ,читање на мамографии, како и на аспирациони тенкоиглени и cor биопсии на суспектни патолошки промени во дојката .**

# Ултразвук и мамографија





# Cor биопсија на дојка под ултразвук





# Со нашата колешка од Р.Турција на одделот за мамографија



Cor биопсија е земање на примерок ткиво од јазол или сомнителен дел ткиво од дојката. Таму биопсијата ја изведуваа моите колеги-специјализанти под контрола на ( специјалист, професор ) радиолог, или самиот професор доколку се работи за покомплициран случај.

Интервенцијата се прави под локална анестезија. По извршената интервенција се советува мирување тој ден , а веке од следниот ден пациентот може да се врати на секојдневните активности.

**Ми беше чест и задоволство да бидам дел од тимот на врвни др. радиолози во престижната медицинска установа УК Cerrahpasa Истанбул Р.Турција, и Благодарност до Министерството за здравство на Р.М. Што ми ја овозможи оваа едукација.**



ПОЗДРАВ ОД ИСТАНБУЛ